# ПРАВИЛНИК

## за процедурите за избор на натпреварувачи, правила на играта во квизот, снимање, освојување и исплата на наградите во квизот ”ЛИСТА ЗА 300”

## 1. ОПШТИ ПРАВИЛА И ПРОЦЕДУРИ

☐ Квизот **”ЛИСТА ЗА 300”** ќе се емитува на Сител ТВ најмалку два дена во неделата, во *primetime*, со однапред најавени репризни изданија. Квизот ќе трае околу 40 минути.

☐ Сител ТВ (во понатамошниот текст – организатор) однапред утврдува дека право на учество имаат сите државјани на Република Македонија со наполнети 18 години, кривично неосудувани и негонети.

☐ Право на учество немаат вработените во Сител ТВ и спонзорите со најблиското семејство (животна заедница на родители, деца и други роднини кои живеат во иста заедница–домаќинство според Законот за семејство, пречистен текст, член 2 од 2008 година.)

☐ Доколку се обезбеди доказ за лажирање или друг облик на можност за дискявлификација од страна на организаторот, истиот може да се употреби за дисквалификација и/или повлекување на наградата.

☐ За секој квиз **” ЛИСТА ЗА 300”**, според однапред утврдена процедура и систем на селекција за избор на учесници, се избираат учесници од кои со дискреционо право на продуцентите на квизот се формираат парови кои меѓусебно не се знаат однапред.

☐ Во случај на давање на лажни податоци во врска овој Правилник, организаторот има право да ги дисквалификува натпреварувачите и да не ги исплати евентуално освоените награди.

☐ Овој квиз е предвидено да трае околу 40 минути со логичен прекин од страна на водителот и тоа, по откажување на парот натпреварувачи од понатамошни одговори, односно прифаќање одреден освоен износ или после утврден грешен одговор и губење на освоениот износ на парот натпреварувачи.
Во таков случај, доколку се процени дека има доволно време, се пристапува кон внесување нов предизвикувачки пар.

## 2. ПРИЈАВУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА НАТПРЕВАРУВАЧИ

Пријавувањето се врши исклучиво преку електронски пат (интернет) со испраќање на правилно пополнет Образец за пријавување(АПЛИКАЦИЈА) на електронската пошта **kviz@sitel.com.mk** Овој Образец за пријавување може да се превземе на веб страницата **www.sitel.com.mk**, каде на видливо место ќе бидат објавени сите податоци за начинот на пријавување за учество.

## 3. ИЗБОР НА НАТПРЕВАРУВАЧИ (интервју)

☐ Врз основа на податоците во пријавата, Комисијата за избор, учество и регуларно одвивање на квизот **”ЛИСТА ЗА 300”**, ќе направи **потесна листа на кандидати** кои ќе бидат повикани на интервју.

☐ Интервјуто ќе се состои од пополнување прашалник, лична изјава, разговор и прашања од кои ќе се стекнат целосни сознанија за знаењата, вештините и профилот на потенцијалните учесници.

☐ Од кандидатите повикани на интервју ќе бидат избрани учесници-натпреварувачи кои ќе се стекнат со право да учествуваат во квизот.

☐ Кандидатите кои ќе се стекнат со право да учествуваат во квизот, благовремено ќе бидат известени.

☐ Учесниците поединечно ќе треба да потпишат **Изјава**, која ќе ги содржи правата и обврскита на учесникот и организаторот, начинот на одвивање на квизот како и начините на решавање на евентуалните спорни ситуации.

☐ Доколку некој од избраните натпреварувачи, според проценка на продуцентите на квизот, не биде во можност да учествува, ќе биде заменет со резервен натпреварувач.

☐ Организаторот на квизот има дискреционо право на избор на потенцијални учесници-натпреварувачи на квизот.

## 4. ПРАВИЛА НА ИГРАТА ВО КВИЗОТ ”ЛИСТА ЗА 300”:

☐ **” ЛИСТА ЗА 300”** претставува квиз на општо знаење во **два дела** и тоа

1. Дел во кој се врши избор на поуспешен пар по пат на наддавање на број можни одговори на одредена тема-прашање (лицитација со понуди) и
2. Вториот дел во кој поуспешниот пар од претходната игра се обидува да освои парични износи врз основа на точни одговори на одредена тема-прашање.

## ПРВ ДЕЛ ( ПРВА ИГРА)

☐ Во првиот дел паровите учесници се сместени во звучно изолирани кабини и пред секоја рунда на зададено прашање-тема од страна на водителот треба да се изјаснат за бројот на можни одговори кои би ги презентирале ако се стекнат со право на одоговарање.

**Темата –прашање мора да содржи поголем број или доволно голем но ограничен број точни одговори**.

☐ Целта на натпреварувачките парови е да понудат поголем број на одговори на темата-прашање од противничкиот тим и со тоа да се стекнат со право на одговарање.
Доколку одговорат точно односно набројат онолку точни одговори колку што претходно презентирале во понудата се здобиваат со поен.
Доколку не успеат да набројат доволно точни одговори или даваат погрешни одговори со поен се стекнува противничкиот пар натпреварувачи.

☐ Додека меѓусебно парот се договара за бројот на можни одговори кабината во која се сместени нивните противници е звучно изолирана, како и обратно.

☐ Овој дел од квизот се игра во две победи , односно победник е парот кој се стекнал со два поена

☐ Првенствено право на прво лицитирање(понуда) секогаш има предизвикувачкиот пар натпреварувачи, а понатаму правото на предимство го има парот што губи во моментот.

☐ Доволно е еден од натпреварувачите да лицитира со поголем број на можни одговори, за тој број да биде прифатен како можност за одговарање.

☐ Доколку имаме резултат нерешено или 1:1 тогаш се пристапува кон играта **пенали,(брзи одговори)** како би се утврдил победнички пар.

**ПЕНАЛИ (брзи одговори)**

☐ Играта **пенали** се состои во тоа што на одредена тема-прашање, паровите одговараат напоредно се додека еден од паровите не погреши или не даде одговор во разумен рок.
**Во овој случај предимство на прв одговор има предизвикувачкиот пар**.

☐ Победнички пар се прогласува само после точен одговор на барем еден од паровите.

☐ Победничкиот пар се стекнува со право да ја игра втората игра од квизот, а поразениот пар го губи правото на понатамошно учество во квизот.

☐ Победничкиот пар се стекнува со право да игра понатаму во најмногу 5(пет) последователни емисии. Доколку истиот пар е победник и во петтата емисија се пристапува кон избор на два нови пара.

## ВТОР ДЕЛ ( ВТОРА ИГРА)

**Игра за парични награди**

Втората игра или вториот дел од квизот се состои од давање точни одговори од страна на победничкиот пар натпреварувачи од претходната квалификациона игра, а точните одговори на одредена тема-прашање обезбедуваат освојување парични износи кои се однапред презентирани на натпреварувачите во целиот циклус на квизот.

☐ Во овој дел водителот поставува тема–прашање кое содржи најмалку 15 точни одговори.

☐ Играта се игра пред видео-зид, кој се состои од 15 празни полиња кои треба да се пополнат со точни одговори.

☐ На секој **трет** одговор се гарантира одредена сума освоени денари.

☐ Парот натпреварувачи има право да избере до каде би играл односно кога би престанал со давањето одговори, но тоа мора да се одвива после секој трет даден точен одговор и новоосвоена сума пари.
Доколку парот одлучи да оди понатаму со нова шанса, а даде погрешен одговор, го губи целиот износ кој дотогаш е освоен.
Парот пред секој циклус од нови три одговора има право на договор за тоа дали сака да продолжи понатаму.

☐ Парот по завршувањето на оваа игра-дел од квизот, автоматски се стекнува со право да игра и во следната почетна игра со нов предизвикувачки пар.
**Ова право не е ограничено со број на учества**.

**<u>Гарантирани износи за точни одговори</u>**

**1.------------------**
**2.------------------**
**3.------------------ гарантирани 7000 денари**
**4.------------------**
**5.------------------**
**6.------------------ гарантирани 15000 денари**
**7.------------------**
**8.------------------**
**9.------------------ гарантирани 50000 денари**
**10.-----------------**
**11.-----------------**
**12.----------------- гарантирани 100000 денари**
**13.-----------------**
**14.-----------------**
**15.----------------- гарантирани 300000 денари**

☐ После секој трет точен одговор, водителот е должен да го праша парот дали сака да игра понатаму, а парот да се изјасни.
**Доволно е еден од натреварувачите да се изјасни позитивно и играта продолжува со шанса за три нови точни одговори и новосвоена сума пари**.

**7. УНИВЕРЗАЛНИ (ОПШТИ) ПРАВИЛА**

Овие правила важат за секој аспект на секоја рунда од квизот:

☐ Во текот на првата игра од **" ЛИСТА ЗА 300",** микрофоните на натпреварувачите постојано ќе се следат, а ќе има присутни членови на продукцијата (во самото студио и во продукциската галерија) кои ќе имаат задача да внимаваат на звучната изолираност на кабините во моментите кога треба да бидат исклучени.
Ова е потребно заради регуларност во одвивање на првата игра.

☐ Се прифаќа само јасно изговорениот одговор на натпреварувачотод парот кој одговара. Натпреварувачите мора да внимаваат кога се подготвени да го дадат одговорот, него мора да го насочат директно кон водителот.

☐ Доколку некое прашање стане неважечко не по вина на натпреварувачите, тоа ќе се замени со друго прашање со слична тежина.

☐ Повремено, поради непредвидени околности, натпреварувачот може да биде замолен да го повтори одговорот кој претходно го дал заради снимање.

☐ Доколку некој натпреварувач не разбира или не е задоволен од она што се случува во играта, тој мора да го каже проблемот, а во тој момент продуцентот ќе донесе одлука (по сопствен избор). Ова мора да биде кажано веднаш, а не по снимањето.

☐ Одлуката на продуцентот е конечна, натпреварувачите се согласуваат дека нема да се жалат против таквите одлуки, а со тоа и нема да имаат право на финансиска компензација.

☐ Доколку во некој момент за време на играта се појави некаков технички недостаток, продуцентот го задржува правото да ја започне играта од моментот кога тој смета дека е соодветно.

☐ Натпреварувачите се должни да ја информираат продукцијата доколку забележат некоја грешка направена при снимањето на квизот. На пример, доколку видат или слушнат прашања/одговори пред почетокот на снимањето во студио или пак, доколку за време на снимањето, тие слушнат или видат прашања/одговори, доколку прашања/одговори случајно се појават на екранот во студиото.

☐ Продуцентот го задржува правото да ги измени или дополни овие правила во секое време, а натпреварувачите нема да имаат право да поднесуваат тужба против продуцентот во врска со тоа. Во случај на појава на некои непредвидливи ситуации кои не се опфатени со овие правила, продуцентот ќе донесе одлука за исходот, при што одлуката на продуцентот е конечна.

☐ Секој од натпреварувачите кој ќе биде поканет на снимање, се натпреварува со оној избран партнер кој му е доделен од страна на продуцентите, се додека за тоа постојат услови. Доколку парот се стекнал со право на учество и во следната емисија, а некој од натпреварувачите не е во можност да присуствува на следното снимање, породуцентите имаат право да му одберат нов партнер.

☐ Натпреварувачите пред да започне снимањето на емисијата, потпишуваат Изјава со која ги прифаќаат сите одредби од овој Правилник.

## 8. ИСПЛАТА НА ОСВОЕНИТЕ НАГРАДИ

☐ Сите суми во квизот **” ЛИСТА ЗА 300”,** се БРУТО суми односно не се оданочени според Законот за данок на доход на други видови приходи – персонален данок.

☐ Организаторот на квизот **” ЛИСТА ЗА 300”,** се обврзува да ги исплатува НЕТО вредностите на освоените суми во рок од 45 работни дена.

☐ Рокот почнува да тече по премиерното емитување на квизот во која учесникот го завршил учеството.

## 9. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

☐ Одредбите во овој **Правилник за процедурите за избор на натпреварувачи, правила на играта во квизот, снимање, освојување и исплата на наградите**, имаат за цел целосно и недвосмислено да информираат за правилата и условите за пријавување и учество во квизот **” ЛИСТА ЗА 300”.**

☐ Со **Правилникот** се става до знаење дека податоците што ги отстапуваат потенцијалните учесници во квизот се само и исклучиво за потребите на квизот **” ЛИСТА ЗА 300”**

☐ **Правилникот** има за цел недвосмислено да ги информира оние што се во роднински врски со било кој вработен во Ситeл ТВ дека немаат право да учествуваат во квизот **” ЛИСТА ЗА 300”**

☐ **Правилникот** има за цел недвосмислено да информира дека сите снимени, печатени и други записи на кои се имињата, фотографиите или видео материјалите со ликовите на потенцијалните учесници и учесниците во квизот **” ЛИСТА ЗА**

**300”**се сопственост на Сител ТВ и дека можат да се користат за промотивните активности на Сител ТВ без паричен надомест за лицата што се појавуваат со лик или име во тие материјали.

☐ Доколку во текот на снимањето на квизот некој од учесниците смета дека нешто се случило што не е во склад со одредбите на овој **Правилник** или смета дека тој е на било кој начин оштетен бидејќи не се почитувани одредбите на овој **Правилник**, должен е веднаш, на самото место да реагира, побара објаснување или интервенција на организаторот.

☐ Сите вработени во Сител ТВ и сите ангажирани соработници на продуцирањето на квизот **” ЛИСТА ЗА 300”**се обврзани строго да ги чуваат деловните и продукциски податоци поврзани со квизот **” ЛИСТА ЗА 300”**

☐ Ниту еден вработен во Сител ТВ и ниту еден од ангажираните соработници на продуцирањето на емисијата **” ЛИСТА ЗА 300”**не смеат по било кој основ да даваат какви било изјави за медиумите (интервјуа за печат или електронски медиуми) поврзани со организацијата и продукцијата на квизот.

☐ Изјави за медиумите (интервјуа за печат или електронски медиуми) поврзани со организацијата и продукцијата на квизот е овластен да дава само Извршниот продуцент на Сител ТВ или лицата што тој ќе ги овласти.

март, 2019 **Сител ТВ**